**1.2.3. Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**
**1.2.4. Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**

#### 1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала

При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност во раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликтите. За учебните 2020/2021 и 2021/2022 година предвидено е и реализирано е вклучување на мултукултурно образование по одделни предмети со соодветен број на часови кои се предвидени во годишната програма.

#### 1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала

Училиштето искористува се она што може да го понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи а воедно и придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците.

Исто така резултатите од работата на вонНаставните активности во училиштето, доаѓаат до израз и при соработката на училиштето со локалната средина, на кои училиштето зема активно учество на сите манифестации во организација на Општина Илинден. Учениците од нашето училиште ги

посетуваат компаниите со кои Општина Илинден има потпишано меморандум за соработка и истите го посетуваат училиштето вршејќи презентации и обуки, а учениците од третта година изведуваат и практична настава во дел од компаниите како: Кемет Електроникс, Окта, Ван Хол, Мепсо, Витек, Џонсон Мети, Макдиа ДОО, Аспектус фарма ДОО, Јоки Дооел, АРЦ Аутомотив Македонија Дооел, Џагатај Кабло, Вабтек МЗТ и Аптив.

## 1.3.Воннаставни активности

**1.3.1.Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**
**1.3.2.Опфатеност на учениците со воннаставните активности**
**1.3.3.Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**
**1.3.4.Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**

### 1.3.1.Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности

Во училиштето се реализираат воннаставни активности за задоволување на различните интереси и способности на учениците.

Целта на здравствената и физичка култура е изградување на зрела личност, треба да се развива и формира свеста кај учениците, за здравјето како основен извор за среќата на човекот. Посебно внимание се посветува на хигиенските услови и естетскиот изглед на училишните простории и училишниот двор.

Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења на учениците. Во текот на овие две учебни години со одлука на УО заради пандемија со Ковид 19 не се реализираа ученички екскурзии.

Во училиштето постојат ученичка заедница на паралелката и ученичка заедница на училиштето. Заедниците на учениците се значаен сегмент во организацијата на животот и работата воа училиштето. Преку нив учениците сами или заедно со наставниците и родителите се договараат, заземаат ставови и донесуваат одлуки за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата во училиштето. Целта на училишните заедници е поуспешно учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигање на што подобри резултати. Учебната 2021/2022 година во рамки на проектот за Ученички иницијативи-Ученичката заедница реализира работилници со сите ученици во училиштето на класните часови на тема: Насилство.

На прашањето:Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците, одговорите на, родителите и учениците се:







**1.3.2. Опфатеност на учениците во воннаставните активности**

Во воннаставните активности се вклучуваат учениците без разлика на пол, етничка припадност или социоекономски статус.

На прашањето:Најголемиот број на ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за подршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност, одговорите на родителите и учениците се:






**1.3.3.Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонннаставните активности**

Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности по сопствен избор, а програмите се изработени од страна на наставнниот кадар.

**1.3.4.Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонннаставните активности**

За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и ќе покажат зголемен интерес за оделни научни и наставни содржини се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја и и учество на учениците на натпревари, а оваа учебна година се покажаа и видливи резултати со кој нашите ученици освоија и награди на државни натпревари.

На прашањето:Учениците со подршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:







**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Клучни јаки страни:**

- Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.
- Успешно се реализираат наставните програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализација на истите.
- Сите видови на настава: задолжителна, слободни часови како и дел од слободните ученички активности, дополнителната и додатната настава се квалитетно планирани и реализирани.

**Слаби страни:**

- Планирање и реализација на разновидни вонnаставни активности според потребите и интересите на учениците.
- Вклучување на поголем број на ученици барем во една вонnаставна активност.

## *2. Подрачје на вреднување ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*

**Извори на податоци-документи кои се прегледани:**

- Записници од наставнички совет на училиштето
- Записници од стручната служба на училиштето
- Записници од средби со родители
- Анализи на успехот
- Програма за дополнителна и додатна настава
- Годишна програма на училиштето
- Статут на училиштето
- Записници од наставнички совет на училиштето
  Записници од стручна служба на училиштето
- Анализи на успехот

- Годишна програма на училиштето за учебната 2020/2021 и годишна програма за работа на училиштето за учебната 2021/2022 година
- Дневник на работа
- Записници од родителски совет
- Самоевалуација на училиштето за период 2014-2016 година,самоевалуација на училиштето период 2016-2018 година како и самоевалуација на училиштето за период 2018-2020 година
-

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**2.1. Постигања на учениците**

**2.2. Задржување/осипување на учениците**

**2.3. Повторување на учениците**

**2. 1. Постигања на учениците**

**2.1.1. Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди**

**2.1.2. Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**

**2.1.3. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**

**2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава**

**2.1.5. Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование**

**2. 1. Постигања на учениците**

**2.1.1. Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по Квалификациони периоди.**

Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди, испитаниците посочуваат дека училиштето ги следи постигнувањата на учениците. Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по различен пол се следат и се заведени во записници од стручната служба и во анализите на успехот.

Постигањата на учениците говорат за континуитет во работењето на училиштето.

Средниот успех во односните години нема отстапувања, и се движи од 3,98 во 2020/21 год. а во 2021/22 година е 3,90.

**Среден успех на ниво на училиште**

| **Учебна година** | **Среден успех** |
|---|---|
| **2020/2021** | **3,98** |
| **2021/2022** | **3,90** |




**2.1.2. Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**

Во однос на училишната промоција на уверувањето дека постигнувањата на учениците можат да се подобрат се искажува согласност, исто така редовно се одржуваат состаноци како наставнички така и на ниво на актив како и на ученичка заедница каде се дискутираат и анализираат успех, редовност и поведение и се даваат предлог мерки за подобрување на истите. Од извештаите за успех може да се види дека нема отстапувања во однос на успех по пол и етничка припадност.

**2.1.3. Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**

Ученици со посебни образовни потреби нема. Учениците со потешкотии во учеењето се идентификуваат од страна на класните раководители и се работи со нив на дополнителна настава и со психологот во рамки на советување на ученици со намален успех. Училишниот психолог врши тестирање и идентификација на надарени ученици и истите се посочуваат на состанок со класни раководители за да можат предметните наставници да работат и да ги стимулираат како и редовно да држат додатна настава.

**2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава**

Во училиштето се реализира дополнителна настава и додатна настава според предвидениот распоред за дополнителна и додатна настава.

На прашањето: Во училиштето се организира дополнителна настава по сите предмети- одговорите на наставниците, родителите и учениците се:










На прашањето: Наставниците ги идентификуваат надарените ученици во училиштето и организираат додатна настава, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:









**2.1.5. Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование**

Училиштето преку документите за упис има увид во постигањата на учениците до деветто одделение, а за учениците кои завршиле четврта година потребно е да се изработи процедура за следење на истите.Училиштето прави анализи за успех, поведение и редовност и ги следи учениците при премин од еден циклус во друг.

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

**2.2.1.Опфат на учениците**

Училиштето ги запишува учениците согласно конкурсот за упис на ученици во средните стручни училишта, во јунски уписен рок (прво и второ пријавување) и августовски уписен рок. За профилот електротехничар за комјутерска техника и автоматика потребни се минимум 55 поени, а за профилот електротехничар за електроника и телекомуникации минимум 50. Учениците се од населените места на територија на Општина Илинден како и од Петровец, Центар, Јурумлери, Идризово, Трубарево, Карпош и Кисела Вода. Во претходните 2 учебни години се воведе и нова паралелка односно електротехничар за компјутерска техника и автоматика со зголемен број на часови за практична настава односно дуална паралелка-соработка. Бројот на ученици за упис во таа паралелка согласно конкурсот е 25.

**2.2.2.Редовност во наставата**

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата (неоправдано и оправдано) и навреме презема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.

Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Од почетокот на работа на училиштето согласно Законот за средно образование, за надминување на

проблемот со изостанувањето од редовната настава од страна на учениците се реализира Советување на родители и ученици од страна на психологот во училиштето.

| Изостаноци | | | |
|---|---|---|---|
| ***Учебна година*** | ***Оправдани*** | ***Неоправдани*** | ***Вкупно*** |
| 2020/2021 | 6204-23,95 по ученик | 448-1,73 по ученик | 6652-25,68 по ученик |
| 2021/2022 | 13982-49,94 по ученик | 624-2,23 по ученик | 14606-52,16 по ученик |

На прашањето:Училиштето превзема мотивирачки мерки со цел да се намалат неоправданите отсуства на учениците, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:









**2.2.3. Осипување на учениците**

Во последните две учебни години вкупно 7 ученици го прекинале своето образование поради запишување во друго училиште, а 2 ученици се запишале како вонредни во нашето училиште.

**2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго**

Учениците преминуваат во друго училиште доколку добијат согласност за упис во истото и од страна на училиштето добиваат преведница, а откако ќе ја вратат потполнета ги подигаат и документите кои биле во училиштето, истата постапка е и за премин во нашето училиште.

**2.3. Повторување на учениците**

Во последните две години ниту еден ученик не ја повторувал годината.

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Клучни јаки страни:**

- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и превземање активности за нивно подобрување;
- Развиена свест за константно подобрување на постигнувањата;
- Комуникацијата со локалната заедница;
- Следењето и анализирањето на редовноста на учениците;

**Слаби страни:**

- Идентификација на надарени ученици од страна на предметни наставници и работа со нив на часови за додатна настава.
- Организирање дополнителна настава по сите предмети
- Превземање на мотивирачки мерки за намалување на неоправдани изостаноци.

## *3. Подрачје на вреднување УЧЕЊЕ И НАСТАВА*

**Извори на податоци-документи кои се прегледани:**

- Годишни, тематски планови за реализација на наставата и оперативни планови за час, програми за дополнителна и додатна настава во дигитална и печатена форма .
- Дневници за работа;
- Програми за работа на секој стручен актив за учебната година;
- Извештаи од состаноци на стручните активи;
- Портфолија на наставници
- Записници од наставнички совет и родителски средби;
- Распоред на приемни денови за сите наставници
- Електронски дневник
- Статистики за постигнатиот успех и поведение на крајот од првото полугодие и на учебната година

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**3.1. Планирање на наставниците**

**3.2. Наставен процес**

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

**3.4. Задоволување на потребите на учениците од наставата**

**3.5. Оценување како дел од наставата**

**3.6. Известување за напредокот на учениците**

**3.1 Планирања на наставниците**

**3.1.1.Поддршка и следење на планирањата на наставниците**
**3.1.2.Индивидуални планирања на наставниците**
**3.1.3.Размена на искуства и информации при планирањето**
**3.1.4.Распоред на часови**

**3.1.1.Поддршка и следење на планирањата на наставниците**

-Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа :

-годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во психолошката служба во печатена форма;

оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот , стручната служба и државниот просветен инспекторат;

-увид во дневници;

-посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови ( цели на часот , активности , примена на интерактифни форми и методи , очекувани исходи од учењето , проверка на постигањата на учениците, констатации / евалуација на реализиран час);

-консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата;

**3.1.2.Индивидуални планирања на наставниците**

За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат :

- Годишен глобален план;
- Тематски планирања за секоја тема;
- Оперативни планови за час;
- Програми за дополнителна и додатна настава;

Планирањата на наставниците содржат:

-цели на учењето;

-активности на часовите-интерактивни форми и методи;

-очекувани резултати од учењето;

-избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа;

-проверка на постигањата на учениците , констатации / евалуација на реализиран час

-Дел од наставниците во своите планирања наведуваат кои наставни содржини ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.

**3.1.3.Размена на искуства и информации при планирањето**

Искуства и информации при планирањето наставниците разменуваат на ниво на :

Стручниот актив

- размена на искуства за реализација на наставната програма;

-размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи , примена на ИКТ во наставата;

- реализација на отворени часови;
- размена на искуства и консултации за програмите за работа со ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;

### 3.1.4. Распоред на часови

Распоредот на часови го изработува професорката по Математика и се става на огласна табла пред почетокот на годината.

## 3.2 Наставен процес

**3.2.1.Наставни форми и методи**
**3.2.2.Употреба на ИКТ во наставата**
**3.2.3.Избор на задачи, активности и ресурси**
**3.2.4.Интеракција меѓу наставниците и учениците**
**3.2.5.Приодот на наставникот кон учениците**
**3.2.6.Следење на наставниот процес**

### 3.2.1. Наставни форми и методи

Наставниците применуваат повеќе наставни форми и методи за реализација на наставата индивидуална работа,работа во групи, кооперативно учење, истражување, power point презентации.
Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик.

- дополнителна настава за учениците со потешкотии при совладувањето на материјалот;
- додатна настава за надарени ученици;
- учество на натпревари

На прашањето: На часовите се работи заеднички со другите ученици, во групи, во парови, тимски, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:









### 3.2.2. Употреба на ИКТ во наставата

Голем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата (истражување од страна на учениците, часови подготвени со power point презентации), но секогаш постои простор и за примена на ИКТ од страна на сите наставници.Учебната 2019/2020 од 10 март наставата се реализира онлајн со користење на Microsoft teams. Учебна 2020/2021 година наставата се реализира онлајн со користење на Microsoft teams. Учебна 2021/2022 година наставата се реализира со физичко присуство со почитување на протоколите за заштита од Ковид-19.

### 3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси

Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници,стручна литература, интернет (web страната на БРО и други web страни поврзани со образованието),училишна библиотека цртежи,слики,нагледни средства, материјал и алати за практична настава за учениците од стручното образование.

Изборот на задачи и активности наставниците ги планираат и тие се поврзани работата на учениците на час и се во соогласност со предвидените цели во наставата.

Домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност со кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите;

Активности за примена на знаењата на учениците при посета на фирми за практична настава на учениците од стручното образование.

### 3.2.4. Интеракција меѓу наставниците и учениците

Наставниците применуваат различни форми на интеракција со учениците со што се поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и тоа:
-запознавање на учениците со целите на учењето во текот на часот;
-индивидуална работа ;
-работа во групи ;
-кооперативно учење и истражување;
-резимирање на знаењата стекнати во текот на часот /очекувани резултати од учењето;
дискусии , дебати и реализација на проекти што се во насока на промовирање на учењето. Исто така постои соработка, пружање помош, разбирање и толеранција.
На прашањето: Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира почитување, помош, соработка, разбирање, толеранција, одговорите на наставниците и родителите е дека 100% се согласуваат, а на учениците се:




### 3.2.5. Приодот на наставникот кон учениците

Наставниците подеднакво се однесуваат кон учениците и не прават разлика помеѓу учениците според нивниот пол , социјално потекло , етничката и религиската припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците .

### 3.2.6. Следење на наставниот процес

Наставниот процес во нашето училиште се следи преку:
увид во годишните планирања на наставата , тематските и дневните подготовки;
посета на часови ( секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорот и стручната служба);
листи за набљудување при реализација на час
( портфолио за секој наставник );
соработка на наставниците со учениците и родителите ;

Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес преку:
стручна и методска помош во реализација на наставата (психолог и стручен актив);
отворени часови помеѓу колегите од стручниот актив , консултации и сугестии за подобрување на наставата.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

**3.3.1.Средина за учење**
**3.3.2.Атмосфера за учење**
**3.3.3.Поттикнување на учениците за преземање одговорност**
**3.3.4.Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето**

### 3.3.1.Средина за учење

Со оглед на тоа дека училиштето е ново, започна со работа учебната 2013/2014 година и постојано се доопремува со нова опрема за квалитетно изведување на воспитно образовниот процес на наставниците и учениците им се обезбедени потребните услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес. Сето тоа овозможува учениците да имаат пријатна, убава и безбедна средина за учење каде ќе се чувствуваат среќно и задоволно.

**3.3.2.Атмосфера за учење**

Учениците се охрабруваат  самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку:

-кооперативно учење , работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби , набљудување и модифицирање на наставата .

Постои можност да се зголеми бројот на часови со интерактивна настава, а да се намалат часовите каде е застапена фронтална настава со цел да се активираат сите ученици подеднакво.

**3.3.3.Поттикнување на учениците за преземање одговорност**

Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата

-Учество на регионални и државни натпревари;

-Учество на спортски натпревари

Исто така учениците се поттикнати да го искажуваат своето мислење, своите ставови и истите се почитуваат.

На прашањето: Наставникот ги поттикнува учениците слободно да се изразуваат и ги почитува нивните мислења и идеи, одговорите на наставниците и учениците се:







**3.3.4.Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето**

Училиштето низ организирани форми , поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и наставниците во училиштето.

-Организација и учество на спортски натпревари ;

-Тимска работа со вклучување во заеднички проектни активности по стручните предмети.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

**3.4.1.Идентификување на образовните потреби на учениците**

Наставниот кадар и стручната служба ги  идентификуваат образовните потреби  на учениците , како и пречките во  процесот на учење на секој ученик и преземаат активности :

-реализација на целите предвидени во наставните програми (начинот на кој учениците го совладуваат материјалот,стилови на учење на учениците , потешкотии при совладувањето на материјалот , посебен интерес  за материјалот кој се изучува)

-реализација на анкети со понудени листи од изборни предмети

**3.4.2.Почитување на различните потреби на учениците во наставата**

Наставниците во процесот на поучување користат различни методи и техники со цел да им се даде можност на учениците со различни стилови на учење да го постигнат својот максимум.
- реализација на дополнителна настава за учениците со потешкотии при усвојувањето на материјалот или со направени пропусти
- толерантен однос кон ученици со потешкотии во комуникацијата
- мотивирање и охрабрување на учениците за учество на натпревари
- можност за посета на конкретни фирми за  практична настава на учениците од стручното образование (Кемет Електроникс, Аптив, Чагатај кабло,АД МЕПСО, Окта, Ван Хол, Џонсон Мети, Витек и др.).

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

**3.5.1.Училишна политика за оценување**

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат  оценувањето на училиштето.
- Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа на почетокот од учебната година;
- Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;
- Согласно приоритете во годишната програма за учебната 2015/2016 година наставниците изработија стандарди за оценување на учениците  за предметите од прва до четврта година и ги истакнаа на огласна табла во холот на училиштето.

**3.5.2.Методи и форми на оценување**

Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум :

-усни одговори, наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа), домашни работи , изработка на проекти, активност и ангажираност  во текот на часот.

На прашањето: При оценувањето наставниците го почитуваат мислењето на учениците одговорите на наставниците и учениците се:







**3.5.3.Користење на информациите од оценувањето во наставата**

Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за:

- Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата

- Дефинирање на идни активности што ќе ги применуваат при реализација на наставата

- Разгледување на приодите на оценување на квантумот знаења на учениците

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

### 3.6.1.Известување на родителите за напредокот на учениците

Училиштето има утврден однос за известување на родителите за напредокот на учениците и тоа:

-конкретна повратна иформација за оценката на ученикот;

-препораки за подобрување на постигањата и успехот на ученикот;

-препораки за посетување на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;

-распоред со приемни денови за сите наставници во училиштето;

-редовни родителски средби;

-известување на родителите за успехот и поведението на нивното дете со евидентни листови

-пристап до електронски дневник;

На прашањето: Наставниците редовно даваат повратна информација за постигањата и напредокот на учениците, одговорите на наставниците, родителите и учениците се: Наставниците и родителите одговориле дека 100% се согласуваат, а учениците




## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВА И УЧЕЊЕ

**Клучни јаки страни**

- Различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците.
- Практична примена на стекнатите знаења на учениците
- Позитивен и професионален однос кон учениците и родителите
- Соработка со родителите

**Слаби страни**

- Делумна примена на наставни форми и методи на работа, градење на лични ставови и можности за нивно презентирање, застапеност на фронтална настава
- При оценување да се даваат повратни информации од страна на сите професори како и да се почитува мислењето на учениците .

## *4. Подрачје на вреднување ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ*

**Извори на податоци-документи кои се прегледани:**

- Програма за работа на директорот
- Програма за работа на стручната служба
- Кодекс за однесување
- Записници од разговори со ученици и родители
- Увид во просторните капацитети
- Увид на наставен час
- Куќниот ред на училиштето
- Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи
- Записници од родителски средби
- Советодавна работа со родители на ученици со над 100 оправдани изостаноци и 3 слаби оценки (училишен психолог)
- Главни книги
- Записници од родителски средби
- Записници од состаноци на Наставничките совети на паралелката
- Главни книги
- Евидентни листови за следење на успехот и поведението во текот на наставната година, по квартали

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**4.1.Севкупна грижа за учениците**

**4.2. Здравјето и пост-конфликтните трауми**

**4.3. Советодавна помош на учениците**

**4.4. Следење на напредокот**

---

**4.1.Севкупна грижа за учениците**

**4.1.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**

**4.1.2. Превенција од насилство**

**4.1.3. Заштита од пушење, алкохол и дрога**

**4.1.4. Квалитет на достапна храна**

### 4.1.5. Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот

### 4.1.6.Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

### 4.1.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот,скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот и тн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.
Секојдневните дежурства на наставниците за време на одморите уште повеќе ја зајакнуваат грижата за учениците. Учениците од страна на наставниците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност, но сепак постои можност за подобрување на квалитетот на давање прва помош.
На прашањето: Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:










Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и учениците кон кој е договореносите да се придржуваат. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето каде што може секој да го прочита.
Училиштето има изработено План за евакуација но не се спроведуваат вежби.
На прашањето: Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците, одговорите на наставниците, и учениците е 100 % се безбедни, а на родителите се:




### 4.1.2. Превенција од насилство

Училиштето има изготвено и ја спроведува политиката за превенција од насилно однесување, во кое се вклучени и организации надвор од училиштето, потребни за решавање на оваа проблематика. Од страна на психологот на училиштето се организираат работилници за ненасилно однесување на учениците.

На прашањето: Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:










### 4.1.3. Заштита од пушење, алкохол и дрога

Училиштето има политика за заштита од пушење,  консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Со реализацијата на воспитната компонента ( на часот на одд.заедница и преку работилници од стручни лица) учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци. Психологот одржува работилници на тема: Болести на зависност: Пушење, алкохолозам, наркоманија.

На прашањето:Училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични средства во неговиот двор, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:







### 4.1.4. Квалитет на достапна храна

Во околината на училиштето може да се купи и конзумира оброк, а достапната храна е квалитетна и со пристапни цени.

На прашањето: За време на одморот има доволно време да се купи и конзумира оброк, а достапната храна е  квалитетна и со пристапни цени, одговорите на наставниците, родителите и учениците се:










**4.1.5. Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**

Во училиштето нема ученици со телесни пречки во развојот. Во училиштето нема пропишани процедури и механизми за вклучување на учениците, како и во пружање помош и водење грижа за децата со телесни пречки во развојот.
Во училиштето постои пристапна рампа. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно самостојно движење, само на првиот кат.
Во училиштето постои посебен тоалет што е достапен за нивна употреба.

**4.1.6. Грижа за ученици од социјално загрозени семејства**

Во училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за ученици кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности кои бараат вложување на дополнителни средства. Во училиштето се имаат организирано 2 хуманитарни акции за собирање на средтсва за помош на ученици кои имале потреба од помош.

**4.2 Здравје**

**4.2.1.Хигиена и заштита од болести**

Хигиената во училиштето е на високо ниво.

Тоалетите за наставниците и учениците се чисти и редовно дезинфицирани.

Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.

Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот (пред почетокот на секоја смена и на крајот на денот).

Останатиот училишен простор се чисти еднаш во денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти два пати во секое полугодие – задолжително на секој распуст.

Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се посадени со трева и редовно се одржуваат.

На прашањето: Хигиената во училишните ходници, училниците и дворот се одржува редовно, одговорите на наставниците, родителите е 100% се согласуваат, а на учениците се:




На прашањето: Свеста на учениците не е на доволно ниво за одржување на хигиената во училниците, училишните ходници и санитарните чворови, како и за начинот на нивна употреба, одговорите на родителите, наставниците и учениците се:









**4.2.2.Грижа за ученици со здравствени проблеми**

Училиштето *нема договорени процедури за грижа за учениците кои заради здравствени проблеми* или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите што се спроведуваат во практиката на иницијатива на одделенскиот/класниот раководител или предметниот наставник во соработка со родителите е редовно испраќање покани до родителите и телефонски јавувања.

**<u>4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците</u>**

**4.3.1.Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**

Училишниот психолог и двајца наставници посетуваа обука за кариерно советување и притоа со 3 ученици се направи студија на случај за избор на занимање односно за понатамошно образование или вработување. Во учебните 2020/2021 и 2021/2022 година психологот со учениците од четврта година спроведе тестирање со неформален тест RIASEK.

Училиштето во соработка со компаниите со кои има потпишано меморандум за соработка за учениците кои сакаат да работат по завршување на образованието се посредува во нивно вработување односно училиштето ги препраќа нибните биографии и истите се со предност за вработување. Постои простор за проширување на соработката со високообразовните институции каде учениците би се запознале со програмите кои ги нудат.

**4.3.2. Грижа за ученици со емоционални потешкотии**

За состојбата со учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и сл., покрај одделенските раководители и стручната служба психологот кои работат тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците. Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а по потреба се вклучуваат и родителите. Изработена е процедура за навремено откривање на ученици со емоционални проблеми од страна на психологот како и одржана е работилница за наставен кадар за идентификација на учениците. Со учениците и родителите се водат разговори и се водат записници од страна на психологот за надминување на потешкотиите.

**<u>4.4 Следење на напредокот</u>**

**4.4.1.Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**

Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност (редовно евидентирање на присутноста), нивното поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени воспитни мерки. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици. Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во дневникот на паралелката.

Родителите редовно најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на отворениот ден на предметниот професор. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тримесечие, како и во електронскиот дневник од кој податоците се достапни и се добиваат и на е-маил адресата на родител/старател, или преку СМС порака.

На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.

Класните раководители на крајот на секое тримесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класните часови, а родителите на родителски средби.

### 4.4.2.Анализа на напредокот на учениците по паралелки

Психологот во соработка со класните раководители редовно изготвува тримесечни, полугодишни извештаи за напредокот на учениците паралелките, според податоците добиени од класните раководители, а на наставничките совети се прави анализа на постигањата на учениците по паралелки и се предлагаат мерки за подобрување на истиот. На состаноците на ученичка заедница се разгледуваат извештаите за успех, редовност и поведение.

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Клучни јаки страни**

- Севкупна грижа за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност;
- Безбедноста и хигиената во училиштето и грижата за здравјето на учлениците;
- Континуирано следење на напредокот на учениците;
- Постои соработка со родителите на учениците.

Слаби страни

- Изработка на процедура за помош на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства
- Организирање посета на Саем за образование и продлабочување на соработката со високообразовни институции

# *5. Подрачје на вреднување УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО*

**Извори на податоци-документи кои се прегледани:**

- Куќен ред на училиштето
  Кодекс на однесување на учениците
- Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки за учениците
  Статут на училиштето
- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки
  Записници од работата на Училишната заедница
- Увид во веб страната на училиштето
- Програма за работа на директорот
- Програма за работа на стручната служба
- Кодекс за однесување

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:
**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2. Промовирање на постигањата**

**5.3. Еднаквост и правичност**

**5.4 .Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница**

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

**5.1.1. Углед/имиџ на училиштето**

Училиштето е препознатливо по добриот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето. Тоа може да се забележи и постигањата на учениците на државни натпревари и од заинтересираноста за упис во прва година.

На прашањето: Училиштето има углед во локалната заедница, одговорите родителите се:



**5.1.2. Кодекс на однесување**

Училиштето поседува Кодекс на однесување за учениците и наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето, истиот е поставен на видно место во училиштето како и на веб сајтот на училиштето.

**5.1.3. Училишна клима**

Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и соживотот помеѓу учениците.

**5.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето**

Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки и ги изрекуваат навремено и постапно педагошките мерки. Педагошките мерки се запишани во дневник.

Психологот води педагошка евиденција за изречени педагошки мерки. Училиштето соодветно го применува Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Пред изрекување на педагошките мерки се води разговор со клсен раководител, родител, ученик и психолог се прави записник и се донесуваат соодветни одлуки се со цел да се нагласи восптната компонента во овој процес како и сите субјекти да бидат вклучени и заеднички да се донесе правилна одлука.

**5.1.5. Партиципација на учениците во решавањето проблеми донесувањето одлуки**

Училиштето има донесено Статут кој се применува соодветно. Училишната заедница партиципира во донесувањето одлуки и решавање проблеми во текот на наставниот процес. Ученичката заедница одржува редовни состаноци согласно програмата. Неколку состаноци се одржаа пред изработката на програмата за екскурзии како и за учениците од четврта година околу организирање на матурска вечер како и фотографирање.Во учебна 2021/2022 година Ученичка заедница заедно со психологот и професорот по историја во рамки на проектот за Ученички иницијативи реализираше работилници со сите паралелки на тема: Насилство. За таа цел училиштето од ЦСОО доби лаптоп и проектор.

**<u>5.2 Промовирање на постигањата</u>**

**5.1.Промовирање на личните постигања на учениците**

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици.

Во учебната 2015/2016 година се изработи правилник за именување, наградување и пофалување на учениците и истиот соодветно се применува. Согласно правилникот се бира ученик на генерација и

се даваат пофалници за ученици кои имаат континуиран одличен успех и примерно поведение, за покажан  талент во струката и за . Учебната 2020/2021 година за првенец на генерација се прогласи ученикот Дамјан Соколовски IV-1 електротехничар за компјутерска техника и автоматика и му се додели часовник во вредност од 100 евра во денарска противредност. Учебната 2021/2022 година за првенец на генерација се прогласи ученикот Христијан Постолов IV-1 електротехничар за компјутерска техника и автоматика  и истиот се награди со часовник во вредност од 100 евра во денарска противредност.

### 5.2.2.Промовирање на постигањата во име на училиштето

Училиштето има веб сајт на кој редовно и континуирано се промовираат постигнувањата на учениците.
На прашањето: Во училиштето редовно се промовираат постигањата на учениците на ВЕБ страната на училиштето, одговорите на учениците се:




## 5.3 Еднаквост и правичност

### 5.3.1.Познавање на правата на децата

Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.
Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).

### 5.3.2.Еднаков и правичен третман на сите ученици

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло.
Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности и има развиено стратегии со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).
На прашањето: Наставниците имаат правичен и еднаков третман кон сите ученици без оглед на пол, етничка припадност и способности, одговорите на наставниците и учениците се:







**5.3.3.Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата.

На прашањето: На училиште не учат да ја почитуваме културата и традицијата на другите етнички заедници, одговорите на учениците се:




## <u>5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница</u>

**5.4.1.Соработка на училиштето со родителите**

Училиштето на родителите им обезбедува навремени информации за работите кои се случуваат во училиштето, а што е од интерес за школувањето на нивните деца, како и информации поврзани со напредокот на децата.

На прашањето: (Мојот родител е)/Информиран/а сум за сите активности што се одвиваат во училиштето, преку родителски средби, родителски совети и приемни денови, одговорите на родителите и учениците се:







**5.4.2.Соработка со локалната заедница**

Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето во текот на учебната година реализира соработка со средни и основни училишта преку учество на заеднички натпревари.

Училиштето беше промовирано на учениците од деветo одделение во училиштата во Општина Илинден како и во некои училишта во град Скопје.

**5.4.3.Соработка со локална самоуправа и невладиниот сектор**

Училиштето соработува со невладиниот сектор и со локалната самоуправа. Учениците учествуваат во сите културно-образовни активности кои ги организира Општина Илинден.

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

**Клучни јаки страни**

- Континуирано известување за напредокот на учениците и промовирање на постигањата,
- Одличен углед на училиштето во општеството;
- Добра комуникација помеѓу вработените;
- Соработката со родителите и локалната заедница е на високо ниво
- Наставниците подеднакво се однесуваат со сите ученици

**Слаби страни:**

- Наставниците поредовно да ги користат алатките за за подобра комуникација со родителите и учениците.
- Да се подобри атмосферата за работа на часовите, како и да се потикнуваат учениците да ги изразуваат своите ставови

# *6. Подрачје на вреднување РЕСУРСИ*

**Извори на податоци-документи кои се прегледани:**

- Годишна програма за работа
- Непосреден увид
- Распоред на часови
- Полугодишен и годишен извештај
- Записници од работата на стручните активи
- Досиеа на вработени

- Годишна програма на училиштето
- Финансиски план
- Финансиски извештај
- Тендери за набавка

- Програма за работа на директорот
- Програма за работа на стручната служба

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**6.1. Сместување и просторни капацитети**

**6.2. Наставни средства и материјали**

**6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**6.5. Финансиско работење во училиштето**

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

### 6.1.1. Просторни услови

**Училиштето располага со следниве просторни и воспитно-образовни услови:**

| Вид на просторија | Број |
|---|---|
| училници | 10 |
| кабинет | 4 |
| наставничка канцеларија | 1 |
| канцеларија за директор | 1 |
| канцеларија за стручен соработник | 1 |
| активи за наставници | 5 |
| простории за техничка служба | 3 |
| санитарен јазол | 4 |
| општинска фискултурна сала | 1 |

| | |
|---|---|
| општинска библиотека | 1 |





**6.1.2. Искористеност на просторните капацитети**

Просторот со кој располага училиштето е искористен целосно, на начин кој овозможува реализација на Годишната програма.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2. Наставни средства и материјали

**6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**

Покрај стандардно опремени училници (клупи, столчиња, катедра, табли) училиштето располага со потребните наставни помагала и дидактички материјали. Училиштето поседува и опрема потребна за изведување на редовната и практичната настава.Персонални компјутери, монитори, лаптоп-компјутери, интерактивни панели, принтери, принтер-скенер, плотер, LCD-проектори, унимери, LCR-тестери, единечни извори на еднонасочен напон, двојни извори на еднонасочен напон, лемни станици со регулација на напон, лемила, отпорнички декадни кутии, кондензаторски декадни кутии, индуктивни декадни кутии, моделарски дупчалки, комплет алати за електроничари, аналогни и дигитални осцилоскопи, фрекфенцметри,миливолтметри, функциски генератори, телевизор, ДВД – плеер и слично.

Наставните средства и помагала училиштето планира да ги обезбедува континуирано од сопствените средства, со средства од Општина Илинден, преку донации и преку разни програми. Училиштето ги утврдува потребите за работа преку состаноците на стручните активи.

**6.2.2. Училишна библиотека**

Училишната библиотека се отвори во второ полугодие учебната 2015/2016 година и се доопремува со стручна и друг вид литература. На иницијатива на членови на Училишен одбор

се донесе одлука за обезбедување на средства за стручна литература и истата се реализира. Во планот за јавни набавки за 2022 година планирана е набавка за книги за библиотека со што ќе се зголеми фондот на книги достапен за учениците.

### 6.2.3. Потрошен материјал

Потрошниот материјал за хигиена го има во доволна количина, а набавката се врши редовно преку овластениот орган во училиштето.

Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план.

## 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

### 6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар

Во училиштето се вработени вкупно 24 лица кои се на платен список и истите се соодветни за дадените работни места.

### 6.3.2. Ефективност и распоредување на кадарот

Наставниот кадар е распореден пред почетокот на учебната година и работеше ефективно.

При распределба на кадарот предвид се земаат квалитетите, искуството на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата.

Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

### 6.3.3. Стручната служба како поддршка на наставниот кадар

Во училиштето има вработено Психолог кој дава насоки за подобрување на соработката наставник-ученик како и на класните раководители за начинот на изрекување педагошки мерки, за програмата за Советување на родители и ученици. При спроведените посети на час укажани се забелешки и добри страни преку изготвени извештаи за посета на часови кои се разгледуваат на Наставнички совет. Стручниот соработник заедно со класен раководител соработува при идентификацијата на надарени ученици, ученици со потешкотии во учење, адаптација како и при спроведување на работилници и презентации за време на класен час.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

### 6.4.1. Професионален развој на наставниците

Професионалниот развој на наставниците во последните две години се реализира преку организирани обуки за наставниците од страна на БРО и МОН, USAID, ДИЦ. Исто така согласно програмата за професионален развој се одржаа обуки на тема:Обука за ученички иницијативи, Обуки за спроведување на Државна матура и завршен испит, Обуки за спроведување на ПИСА

тестирање, Обуки за спречување трговија со деца, Едуино вебинари, Обуки за ХРМИС, Кохнитивна и бихејвиорална проценка на деца и млади, Обука за офицер за заштита на лични податоци. На наставниците приправници, веднаш им се назначува ментор, кој во секое време ја следи нивната работа, им обезбедува помош во изработката на планирањата, во реализацијата на часовите, се со цел поуспешно да се реализира наставата.

## 6.5. Финансиско работење во училиштето

### 6.5.1. Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење

Училиштето има изготвено финансиски план и план за јавни набавки

Училиштето има три сметки, со кои работи. Тие се: Општинска, Буџетска и Самофинансирачка.

Трошоците на училиштето во најголем дел се за комуналии и материјални трошоци.

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Раководниот кадар го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие соодветен квалитет за потрошените финансиски средства.

### 6.5.2. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетот се користи добро и наменски за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО РЕСУРСИ

**Клучни јаки страни**

- Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вон наставните активности согласно училишниот план;
- Стручната служба им помага на наставниците во организација на наставниот процес;
- Наставниците во училиштето редовно добиваат напатствија за водење на педагошката евиденција;
- Учениците во секое време можат да добијат советодавна помош;

**Слаби страни:**

- Недостаток од наставен кадар од електроинженери и информатичари поради зголемен број на ученици и паралелки.
- Потреба од административен кадар заради зголемување на обем на работа и сложени процеси како координирање на Учење преку работа кај работодавач, Државна матура, Завршен испит и запишување на вонредни ученици.

## *7. Подрачје на вреднување: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА*

**Извори на податоци-документи кои се прегледани:**

- Статут на училиштето
- Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор
- Интервју со УО
- Записници од наставнички совет
- Записници од стручни активи
- Закон за средно образование
- Записници од Училишен одбор
- Записници од Совет на родители
- Записници од Наставнички совет
- Записници од стручна служба за работа со ученици
- Записници од родителски средби во дневникот
- Записници од одржани дополнителни часови по одредени наставни
- предмети според потребите на учениците
- Годишен извештај
- Годишна програма за работа на училиштето
- Годишни планирања за дополнителна настава
- Извештаи од посета на часови на наставниците

Во ова подрачје на вреднување направено е согледување на индикаторите:

**7.1. Управување и раководење со училиштето**

**7.2. Цели и креирање на училишната политика**

**7.3. Развојно планирање**

### 7.1. Управување и раководење со училиштето

#### 7.1.1.Управување со училиштето

Училишниот одбор е колективен орган на управување.

Училишниот одбор ги врши следниве работи:

- донесува статут;
- предлага годишна програма за работа и извештајот за работа до советот на општината
- предлага годишен финансиски план до основачот
- предлага завршна сметка до основачот
- објавува јавен оглас за именување  на директор;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор, му предлага на градоначалникот на општината еден кандидат;
- поднесува предлог до директорот за престанок на работниот однос на лицата од членот 81 став 1 на овој закон;
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето;
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
- разгледува и други прашања утврдени со статутот на општинското училиште.

Училишниот одбор во училиштето го сочинуваат следниве членови:

*од основачот на училиштето претставници назначени од  Општина Илинден*

- Дејан Илиевски
- Андријана Митевска
- Ивана Андевска

*од Деловна заедница*
- *Илија Стојковски*

*од Министерство за образование и наука*
- *Мира К.Стојановска*

*од Наставничкиот совет на училиштето за Член на УО:*

- Јулијана Атанасовска
- Игор Атанасов
- Фросина Каранфиловска
- Христина Л.Стојановска

*од Советот на родителите за Членови  на УО:*

- Тони Станковски
- Стоиле Тошевски
- Драган Стојановски

Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

За работата на Училишниот одбор се водат Записници изготвени од Записничарот на УО, а се потпишани и заверени од Претседателот на УО.

**7.1.2.Раководење со училиштето**

Директорот Зоранче Арсовски работеше според програмата за работа на Директор и ги оствари следните активности:

Утврдување на проекциите за развој и концепција за работа на училиштето.

Организирање и насочување активности во врска со анализата и утврдувањето на општите услови за остварување на дејноста на училиштето.

Изготвување годишен план и програма за работа.

Активности за остварување на упис за I година.

Увид, следење на планирањето и програмирањето на наставната и другата воспитно-образовна дејност од страна на наставниците (годишни, тематски, дневни и др. видови планирања) .

Водење евиденција за планираните и реализираните посети на наставни часови, нагледни часови, часови на слободните ученички активности и други форми на непосредна воспитно-образовна работа со учениците, од аспект на: планирањето и програмирањето на содржините, подготвеноста, непосредната организација, како и успешноста на реализирањето на целите, задачите и содржините.

Следење на непосредната реализација на задачите и содржините на наставната и вонннаставната воспитно-образовна дејност, од аспект на општата организација и артикулација на наставните часови (преку посета на наставни часови), примена на современи форми и методи, застапеност и користење на современи наставни средства и други технички помагала, воспитната насоченост и друго .

Грижа за обезбедување на училиштето со неопходната стручна литература и списанија, и обезбедување услови за нејзиното користење од страна на наставниците.

Изготвување соодветни стручни материјали за потребите на стручното усовршување во училиштето и надвор од него.

Запознавање со упатствата за водење на педагошката документација .

Прифаќање и воведување во работата на наставниците и другиот стручен кадар - почетници (запознавање со условите за работа во училиштето, општата програмска структура и неопходните видови на планирања кои треба да ги изготвуваат, како на ниво на наставен предмет, исто така и на ниво на училиштето).

Индивидуална работа на сопственото стручно усовршување, учество на советувања, семинари и други форми организирани од страна на стручни институции .

Планирање и програмирање на работата на наставничкиот совет на училиштето (подготвување и раководење со состаноците).

Следење на реализацијата на програмските задачи на советот на паралелките и на класниот раководител.

На прашањето: Директорот на училиштето е компетентен и посветен на работата одговорите на наставниците и родителите се дека целосно се согласуваат.

## 7.2. Цели и креирање на училишната политика

### 7.2.1.Јасност и соодветност на целите

Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење.

### 7.2.2.Процедури за креирање на училишната политика

Поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на следниве задачи :

- континуирано оценување на учениците со примена на различни методи и техники
- навремено регулирање на изостаноците и изрекување педагошки мерки
- интензивирање на соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките, наставниците и стручните соработници
- следење на отсуствата од настава
- анализа на причините за отсуства од настава
- советодавни разговори со учениците и родителите
- заклучоци и предлог мерки

Учениците преку низа активности а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. Соработката со учениците се базира на основната потреба ученикот да се третира како личност, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност да ги искажува своите воспитно - образовни потреби.

Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците. Постои можност за да се зголеми можноста за донесување на одлуки за целокупниот живот и работа на училиштето.

На прашањето: Учениците учествуваат во донесување одлуки за животот и работата на училиштето одговорите на наставниците и учениците се:







## 7.3. Развојно планирање

### 7.3.1.Цели на развојното планирање

Училиштето работи согласно Програмата за развој на училиштето изготвена воАвгуст 2018 година:

1. Подобрување на успехот на ниво на училиште;
2. Намалување на неоправданите изостаноци за 5%;
3. Професионален развој на наставниот кадар;
4. Воведување на еколошка едукација во наставата;
5. Меѓуетничка интеграција во образование;
6. Опремување и уредување на училиштето;
7. Информирање на родителите за наставните планови и програми.
8. Ученички иницијативи

Училиштето редовно ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.

### 7.3.2.Професионален развој/стручно усовршување на кадарот

Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар и изготвува Програма за професионален развој на наставниот кадар врз основа на направената анализа. Вработените во училиштето сметаат дека е од големо значење професионалното усовршување и последните години има висок тренд на доошколување и усовршување.

### 7.3.3. Материјално-технички средства

На седниците на Училишен одбор, на Наставнички совет на состаноците на стручни активи постојано се идентификуваат потребите од материјално-технички средтсва истите се доставуваат до членовите на УО и Директорот за да може да се вклучат  или во планот за јавни набавки или да се набават.

**7.3.4. Инфраструктура**

Инфраструктурата во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето започна со работа учебната 2013/2014 година, континуирано се доопремува и одржува што придонесува да изградува углед и имиџ во локалната заедница а со тоа и посакувано место за учење и за работа

## РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

**Клучни јаки страни**

- Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;
- Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;
- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет
- Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;
- Финансиските средства се во функција на приоритетите на училиштето и воспитно - образовните цели;
- Училишните простории овозможуваат реализација на наставни и вонаставни активности ;
- Училишните простории адекватно се одржуваат и се на високо ниво од функционален, естетски и хигиенски аспект.

**Слаби страни:**

- Поголемо вклучување на учениците во донесувањето на одлуки за целокупниот живот во училиштето

## П Р И О Р И Т Е Т И

- Планирање и реализација на разновидни вонаставни активности според потребите и интересите на ученици.
- Вклучување на поголем број на ученици барем во една вонаставна активност.
- Идентификација на надарени ученици од страна на предметни наставници и работа со нив на часови за додатна настава.
- Организирање дополнителна настава по сите предмети.
- Превземање на мотивирачки мерки за намалување на неоправдани изостаноци.
- Примена на нови наставни форми и методи на работа, градење на лични ставови и можности за нивно презентирање, намалување на фронтална настава.
- При оценување да се даваат квалитетни пишани и усни повратни информации од страна на сите професори како и да се почитува мислењето на учениците .

- Изработка на процедура за помош на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.
- Организирање посета на Саем за образование и продлабочување на соработката со високообразовни институции.
- Наставниците поредовно да ја користат информатичката технологија за подобра комуникација со родителите и учениците.
- Да се подобри атмосферата за работа на часовите, како и да се потикнуваат учениците да ги изразуваат своите ставови.
- Ангажирање на доплнителен кадар кој е дефицитарен како информатичари и електроинженери
- Поголемо вклучување на учениците во донесувањето на одлуки за целокупниот живот во училиштето.

## Училишен тим за самоевалуација

Претседател на комисијата-Директор Зоранче Арсовски,

Координатор- Психолог Фросина Каранфиловска,

Член- Дијана Јаковлевска професор по математика,

Член-Игор Атанасов професор по стручни предмети

Член- Стоиле Тошевски од совет на родители.

**Датум**

**29.08.2022 година**